


## СТО ГОДИНИНИ НА МАКЕДОНСКО-ИЗРАЕЛСКИТЕ ОДНОСИ

**Во еден од текстовите на порталот „Македонска нација“ се наведува дека во 2011 година се наврши еден век од македонско – израелските врски, и тоа од времето кога ниту Македонија ниту Израел не постоеја како држави.**

По тој повод, како и по повод 63 години независност на државата Израел, одбележувајќи го овој посебен јубилеј на македонското-еврејското пријателство, државата Израел и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, организираа свечан концерт на Македонската филхармонија со сопранот Сиван Ротем од Израел, со изведби на песни на ладино, јидиш и хебрејски.

Пред концертот, на многубројните гости им се обратија амбасадорот на Израел во Република Македонија, Н.Е. Давид Коен и потпретседателот на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, д-р Панде Лазаревски, чие излагање “Македонска нација” го пренесува во целина:

Почитувани присутни,

Ценети екселенции,

Дами и господа,

HAVERIM JAKARIM, -  KERIDOS AMIGOS,  - SHALOM !

Република Македонија и Државата Израел дипломатските односи ги воспоставија на 7 декември 1995 година. Би се рекло, нашите 16-годишни дипломатски односи не се ниту полнолетни. А сепак, денес, на овој свечен ден прославуваме еден век од настанот кој ги постави темелите на македонско - израелските односи денес, додека македонско – еврејските односи имаат многу подлабок историски корен. Од памтивека.








**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**